РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД
BANKA PËR ZHVILLIM E MAQEDONISË SË VERIUT SH.A.
SKOPJE - SHKUP

Примено / E pranuar	01.06.2026		
Орг. Единица / Njësia org.	Број / Numri	Прилог / Shtojcë	Вредност / Vlera
02	1713/3		

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА СТАТУТ

на

РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Како акционерско друштво, Развојна банка на Северна Македонија (во понатамошниот текст "Банка"), регистрирана е во трговскиот регистар на Основниот Суд Скопје 1 Скопје на ден 23.10.1998 година под рег.влошка 02004792?-4-09-000.
Банката е носител на права, обврски и одговорности утврдени со Законот за Развојна банка на Северна Македонија, Законот за банките, важечките прописи и овој статут.

Член 2

Банката е основана на **НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ**, со цел да го поддржува и поттикнува развојот на македонското стопанство во согласност со стратешките политики, цели и приоритети на Р.Македонија.

Член 3

Банката може да работи во свое име и за своја сметка и во име и за сметка на Република Северна Македонија врз основа на договор.

Пречистениот текст на Статутот на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје кој е утврден од страна на Надзорниот одбор на банката на ден **01.06.2026 година** го опфаќа: основниот текст на Статутот на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје од 24.12.2009 година, изменет/дополнет со Одлуката на Собранието на Банката за измена на Статутот број 02 – 4523/2 од 14.08.2012 година, Одлуката на Собранието на Банката за измена на Статутот од 29.11.2013 година, број 02 – 6029/3 од 30.11.2013 година, Одлуката на Собранието на Банката за измена на Статутот број 02 – 2282/9 од 22.05.2015 година, Одлуката на Собранието на Банката за измена на Статутот број 02 – 3026/1 од 01.09.2016 година, Одлуката на Собранието на Банката број 02 – 1405/7 од 16.05.2017 година, Одлуката на Собранието на Банката број 02 – 1664/2 од 02.07.2019 година, Одлуката на Собранието на Банката број 02 – 6117/1 од 23.04.2021 година, Одлуката на Собранието на Банката од 19.07.2021 година, број 02 – 7449/1 од 20.07.2021 година, Одлуката на Собранието на Банката од 12.12.2022 година, број 02 – 4379/1 од 13.12.2022 година и Одлуката на Собранието на Банката од 11.01.2024 година, број 02 – 218/3 од 16.01.2024 година и Одлуката на Собранието на Банката број 02 – 1714/9 од 01.06.2026 година.

Член 4

Основни задачи на банката се:

1. финансирање на развојот на трговските друштва основани во Република Северна Македонија;
2. поттикнување на извозот;
3. поддршка на мали и средни претпријатија основани во Република Северна Македонија;
4. финансирање на инфраструктурата;
5. поддршка на регионалниот развој и
6. финансирање на проекти за енергетска ефикасност, за обезбедување и заштита на животната средина и на обновливи извори на енергија.

Член 5

Банката во своето работење се придржува на следните принципи :

- неконкурентност, недискриминација и транспарентност на работењето;
- рентабилност и ефиксаност ;
- економска оправданост на инвестиционите проекти и инвестиции.

Член 6

Со овој Статут се уредуваат:

- име и седиште на банката;
- финансиски активности кои ги врши банката;
- износ на основната главнина;
- номиналната вредност на акциите, бројот на акциите од секој род и класа, правата, обврските ограничувањата и погодностите;
- права, обврски и одговорности на акционерите, начин на стекнување и престанок на правата на акционерите;
- распределба на добивката, определување, оценка и управување со ризиците и издвојување на резерви од страна на банката;
- придржување до супервизорските стандарди;
- заштита од перење на пари;
- организација и работење;
- начин на управување со банката и постапка за формирање на органите;
- постапка за свикување и одржување на собранието;
- постапка за именување и разрешување на членови на Управен одбор и на останати лица со посебни права и одговорности ;
- постапка за донесување и за изменување на статутот на банката и на други акти на банката;
- банкарска тајна;
- информирање;
- начин на престанување со работа на банката;
- други прашања во врска со работењето на банката и
- преодни и завршни одредби.

НАЗИВ И СЕДИШТЕ

Член 7

Банката работи под име:
Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје
Скратено име:
– РБСМ АД Скопје

Името на банката во превод на албански и англиски јазик гласи:

- Banka për zhvillim e Maqedonisë së Veriut SHA Shkup
- Development Bank od North Macedonia JSC Skopje

Скратеното име на банката во превод на албански и англиски јазик гласи:

- BZHMV SHA Shkup
- DBNM JSC Skopje

Седиште на банката е во Скопје, на ул.Димитрие Чуповски број 26.
Банката може да го смени своето седиште со Одлука на Надзорниот одбор на банката, донесена врз основа на претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Член 8

Банката во своето работење употребува печат, штембил и заштитен знак - амблем, кои ги содржат називот и седиштето на банката.
Формата, големината и начинот на употреба на печатот и штембилот ги пропишува Управниот одбор на банката.

Член 9

Банката во своето работење користи заштитен знак – амблем. во Државен завод за индустриска сопственост.

ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ НА БАНКАТА

Член 10

Банката ги врши следните финансиски активности:

1. Кредитирање во земјата вклучувајќи и финансирање на комерцијални трансакции
2. Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување
3. Откуп, продажба и наплата на побарувања
4. Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи продажба на девизи
5. Факторинг и форфетинг за сметка на клиенти
6. Тргување со хартии од вредност во свое име и за своја сметка
7. Прибирање, обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица и нивна продажба
8. Економско финансиски консалтинг
9. Кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици
10. Осигурување на инвестиции

Банката ќе може да отпочне да ги врши активностите од став 1 точка 4, точка 6, точка 9 и 10, по добиена предходна согласност од Народна банка на Република Северна Македонија.
Банката може да врши и други активности и работи од свое име и за своја сметка, доколку истите се во врска со извршување на задачите од член 4 на овој статут, и активностите од став 1 на овој член. Банката може да прима депозити од правни и физички лица само доколку истите служат како обезбедување на плаќањата во врска со активностите на банката од став 1 на овој член.

Банката нема да одобрува кредити или да издава гаранции и други форми на обезбедување на Република Северна Македонија и на јавни субјекти согласно со Законот за буџети.
По исклучок на ставот четири на овој член РБСМ одобрува кредити, издава гаранции и одобрува грантови за јавни субјекти од средствата на Фондот за енергетска ефикасност.
Активностите од став 1 на овој член РБСМ може да ги врши и во име и за сметка на Република Северна Македонија врз основа на договор.
Активностите од став 1 на овој член банката може да ги врши преку други банки и небанкарски финансиски институции и/или директно и/или заеднички со други банки или небанкарски финансиски институции.

Член 11

За реализација на проекти и/или програми на Владата на Република Северна Македонија, банката:

- Одобрува кредити;
- Одобрува кредити со субвенционирана камата стапка;
- Издава гаранции од Гарантен фонд и
- Одобрува кредити, издава гаранции и одобрува грантови од средствата на Фондот за енергетска ефикасност.

Банката по добиена претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија може да формира фондови со средства за поддршка на развојот на македонското стопанство за кои во банката се организираат посебни организациони единици.
Со договори склучени меѓу банката и Владата на Република Северна Македонија се уредуваат условите под кои банката презема активности за реализација на проекти и/или програми на Владата на Република Северна Македонија, како и формирање фондови, износот на средствата и начин на нивно обезбедување и пренесување на банката.
Средствата на гарантниот фонд не влегуваат во капиталот на банката.
За средствата на гарантниот фонд, банката води посебна финансиско – сметководствена евиденција. Изложеноста на гарантниот фонд не се пресметува во изложеностите на РБСМ.
Средствата на Фондот за енергетска ефикасност не влегуваат во капиталот на банката.
За средствата на Фондот за енергетска ефикасност, банката води посебна финансиско – сметководствена евиденција. Изложеноста на Фондот за енергетска ефикасност не се пресметува во изложеностите на РБСМ.
Владата на Република Северна Македонија и РБСМ склучуваат договор во кој ќе се утврдат условите под кои ќе се одобруваат кредитите, издаваат гаранциите и одобруваат грантовите од ставот (1), точка 4) од овој член, за исполнување на целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија од членот 5 од Законот за енергетска ефикасност.

Член 12

За извршување на задачите и активностите од член 4 и 10 од овој Статут, банката врз основа на одлука на Надзорниот одбор, обезбедува средства по пат на задолжување во земјата и странство.
За извршување активностите кои банката ги врши во име и за сметка на Република Северна Македонија, средства обезбедува Република Северна Македонија од сопствени и други извори на финансирање.

ВКУПНИОТ ИЗНОС НА АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ И ВЛОЖУВАЊА ВО АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ

Член 13

Основната главнина на банката изнесува 2.924.362.364 денари.
Основната главнина е поделена на 940.914 обични акции со право на глас со номинална вредност од 3.108,00 денари. Акциите гласат на име.
Една акција со право на глас носи право на еден глас во Собранието на банката.

Член 14

Република Северна Македонија може да го зголеми почетниот капитал на банката со уплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, како и од други средства на Република Северна Македонија врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија. Зголемувањето се врши со соодветно зголемување на бројот на акциите на банката.
Собранието на банката донесува одлука за зголемување на почетниот капитал која содржи износ на зголемувањето и број и род на акциите. Одлуката има карактер на Одлука за измена на статутот на банката.
На постапката за зголемување на почетниот капитал на банката, не се применуваат одредбите од Законот за хартии од вредност, за издавање, понуда и продажба на хартии од вредност и одредбите од Законот за трговски друштва за зголемување на основната главнина.

Член 15

Сопствени средства е збир на основниот капитал и дополнителниот капитал на банката, а основниот капитал се состои од редовен основен капитал и додатен основен капитал.

Член 16

Банката може со измена на статутот да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ под услов основната главнина да остане непроменета.
Банката може со измена на статутот да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ под услов основната главнина да остане непроменета.

Член 17

Акционерската книга на банката се води на начин определен со прописите што ја регулираат оваа област.

ПРАВА, ОБРВСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ

Член 18

Единствен акционер на банката е Република Северна Македонија.
Единствениот акционер на банката ги имаат сите права, обврски и одговорности, утврдени со прописите и овој статут.

Член 19

Банката одговора за своите обврски со целиот свој имот.
Единствениот акционер на банката гарантира за обврските на банката при што вкупните обврски на банката во било кое време не можат да надминат десет пати од износот на сопствените средства на банката.

РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ, ОЦЕНА И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ И ИЗДВОЈУВАЊЕ НА РЕЗЕРВИ ОД СТРАНА НА БАНКАТА

Член 20

Целокупното материјално и финансиско работење на банката се врши во согласност со прописите.
Банката има обврска за уредно водење на сметководство и трговски книги и за поднесување годишна сметка и финансиски извештаи на начин определен со закон и со прописите на сметководството.

Член 21

Добивката на банката, се распоредува со Одлука на собранието за употреба и распоредување на добивката на банката врз основа на предлог - Одлука за употреба и распоредување на добивката донесена од надзорниот одбор на банката.
Остварената нето добивка од деловната година се распоредува во резервите на банката.

Член 22

Утврдениот негативен финансиски резултат од работењето-загуба по одаочување се распоредува со одлука на Собранието за покривање на загуба на банката врз основа на предлог - Одлука за покривање на загуба донесена од Надзорниот одбор на банката. редоследно:

- на товар на акумулираната добивка,
- на товар на резервниот фонд на банката и
- на товар на основната главнина, со нејзино намалување

Член 23

Износот на исправката на вредност и/или на посебната резерва се утврдува на начин според методологијата што ја пропишува Народна банка на Република Северна Македонија

Член 24

Надзорниот одбор на банката може со посебен акт, да ги утврди условите и начинот на формирање и користење резервите и на фондови на банката.

Член 25

Банката е должна да врши континуирано управување со ризиците согласно со природата, обемот и видот на финансиски активности коишто ги врши.

СУПЕРВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ

Член 26

Банката е должна да обезбеди адекватно ниво на капитал во зависност од видот и обемот на финансиските активности и висината на ризиците кои произлегуваат од извршувањето на тие активности. Стапката на адекватност на капиталот на банката не смее да биде пониска од 8 %.
При исполнување на обврската од ставот (1) од овој член, банката е должна да одржува најмалку:

- стапка на редовниот основен капитал во износ од 4,5% од ризично пондерираната актива и
- стапка на основниот капитал во износ од 6% од ризично пондерираната актива.

Банката е должна изложеноста на одделни видови ризици да ја одржува во рамките на лимитите пропишани со позитивните законски прописи.

Член 27

Изложеност на банката кон лице ги опфаќа вкупните биланси и вонбиланси побарувања на банката од тоа лице, вклучувајќи ги и вложувањата во хартии од вредност издадени од тоа лице, без оглед на целите за кои се стекнати хартиите од вредност.

Изложеноста на банката кон лице и со него поврзани лица не смее да надмине 25 % од сопствените средства на банката.
Голема изложеност за банката преставува изложеност кон лице и со него поврзани лица еднаква или повисока од 10 % од сопствените средства на банката.
По исклучок од став 2 на овој член, изложеноста на банката кон банка може да изнесува најмногу до двојниот износ на сопствените средства на банката.

Член 28

На банката не се применуваат прописите за издвојување и одржување на задолжителна резерва на сметки кај Народна банка на Република Северна Македонија, за ограничување на порастот на пласманите и за отворена девизна позиција.
Прописите за издвојување и одржување на задолжителна резерва на сметки кај Народна банка на Република Северна Македонија и за ограничување на порастот на пласманите не се однесуваат и на пласманите на комерцијалните банки од средствата на банката.
Советот на Народна банка на Република Северна Македонија пропишува посебна Методологија за исправка на вредноста, односно за издвојување на посебна резерва од страна на банката при што се раководи од специфичниот статус и задачите на банката.

ЗАШТИТА ОД ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Член 29

Банката има обврска да презема мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам предвидени во законските и подзаконските прописи.

ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА БАНКАТА

Член 30

Банката поблиску, ги определува начинот и формата на внатрешно организирање, со општи акти во согласност со прописите и овој статут.

Член 31

За извршување на работите од дејноста на банката, во банката се формираат организациони единици.
Организационите единици на банката, со потребниот број извршители се утврдува со посебен акт за внатрешна организација и систематизација, кој го донесува Управниот одбор на банката.

Член 31 а

За управување со Фондот за енергетска ефикасност, Владата на Република Северна Македонија донесува Одлука за формирање Комитет за енергетска ефикасност.
Комитетот се состои од пет члена со мандат од шест години.
Членовите на Комитетот за енергетска ефикасност не се лица со посебни права и одговорности во банката.
Комитетот за енергетска ефикасност е орган на РБСМ на кој не се применуваат одредбите од Законот за банките.

НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ СО БАНКАТА И ПОСТАПКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОРГАНИТЕ

Органи на банката

Член 32

Органи на банката се: Собрание, Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија, Управен одбор и Кредитен одбор.

Член 33

Физичкото лице кое е член на надзорниот одбор на банката, член на управниот одбор, член на одборот за ревизија, член на одборот за управување со ризици се лица со посебни права и одговорности во банката.
Лицата со посебни права и одговорности ги именува надлежниот орган во банката согласно Законот за банки, Законот за Развојна банка на Северна Македонија и одредбите на овој статут. Лицето со посебни права и одговорности мора да ги исполнува условите утврдени со закон, односно овој статут за именување на соодветната должност.

Член 34

Лице со посебни права и одговорности во банката задолжително треба да има соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, да ги познава правилата за добро корпоративно управување и да има соодветно искуство кое обезбедува сигурно и стабилно управување со банката.
Лице со посебни права и одговорности во банката не може да биде лице:

- член на Советот на Народната банка
- вработено во Народната банка
- на кое му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност
- кое не поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на банката;
- кое не ги почитува одредбите од Законот за банките и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречено од гувернерот со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на банката.
- член на Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор на друга банка или вработен во друга банка или
- кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна постапка или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено врз основа на разположивите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанувањето на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка.

За лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата.
За член на Управен одбор на банка ќе се смета дека не поседува репутација и кога има соработник во однос на кои постојат околностите од предходниот став на овој член.
Банката мора да обезбеди мнозинството од членовите на Надзорниот и Управниот одбор да се достапни на барање на Народната банка.

Член 35

Лицата со посебни права и одговорности во банката кои се во работен однос во банката, правата и обврските од работен однос ги остваруваат според условите утврдени во договорот за уредување на односот меѓу органот на управување и раководното лице (договор за уредување на односи со раководно лице).
Лицата со посебни права и одговорности во банката се именуваат од страна на Управниот одбор со мандат од 6 години и со можност за реизбор. Лицата со посебни права и одговорности можат да бидат разрешени и пред истекот на мандатот и можат да дадат оставка на функцијата на која се именувани.
Управниот одбор на банката по отповикување на лицата со посебни права и одговорности или нивно откажување, истите ги распоредува на работи и работни задачи соодветни на нивниот степен на стручна подготовка и квалификации.

Член 36

Лицата со посебни права и одговорности во банката ги извршуваат работите за кои се овластени со општите акти на банката и работите кои со посебен акт ќе им ги пренесе органот на управување во банката.
Лицата со посебни права и одговорности во банката се должни да работат единствено во интерес на банката и да постапуваат со внимание на уреден и совесен трговец.
Доколку лицата со посебни права и одговорности во банката утврдат дека одлуката на органите на банката е спротивна на закон или друг пропис донесен врз основа на закон или дека според својата содржина е таков што може да ја загрози ликвидноста на банката и нејзината стабилност и сигурност се должни за ова писмено да го известат Надзорниот одбор и Народна банка.

Член 37

Лицата со посебни права и одговорности во банката за својата работа одговараат на органот кој ги именувал.

СОБРАНИЕ

Член 38

Со банката управуваат единствениот акционер на банката преку Собранието на банката, кое е преставен од пет лица - претставници на државниот капитал.
Членовите на Надзорниот одбор се и претставници на државниот капитал во Собранието на банката.

Член 39

Собранието на банката ги врши следниве работи:
1) Го усвојува статутот и измените и дополнувањата на статутот на банката;
2) Го разгледува и усвојува годишниот извештај за работење на банката заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор
3) Го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
4) Ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на банката;
5) Одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка, или за покривање на загубите;
6) Одлучува за нова емисија на акции на банката;
7) Одлучува за статусни промени на банката;
8) Избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и;
9) Одлучува и за други прашања од значење за работењето на банката предвидени со статутот на банката.

Член 40

Собранието на банката работи на седници, кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.
Годишното Собрание на банката задолжително се одржува пред истекот на шест месеци од календарската година за предходната година.
Собранието на банката се свикува врз основа на одлука донесена од страна на Надзорниот или Управниот одбор на банката.
Барање за свикување на седница на Собранието на банката може да поднесе било кој член на Надзорниот одбор.

Член 41

Одлуката за свикување на седница на Собранието донесена од стана на Надзорниот односно Управниот одбор на банката, се смета за покана за одржување на седница на Собранието на банката.
Управниот одбор со Одлуката за свикување на седница на Собранието на банката доставува и покана до членовите на Надзорниот одбор, на начин кој овозможува да се потврди дека поканата е испратена, со датум кога е испратена и примена.
Рокот којшто тече од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржување на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржување на собранието.
Право на присуство на седниците на Собранието, имаат членовите на Надзорниот одбор односно претставниците на државниот капитал во Собранието на банката.

Член 42

Поканата за учество на Собранието на банката ги содржи елементите содржани во Законот за трговски друштва а особено:

- фирма и седиште на друштвото
- место, датумот и часот на одржување на собранието
- други процедурални формалности, пропишани со статутот, што се од значење за присуство на собранието и за начинот на гласање.
- дневен ред според кој ќе работи Собранието
- начинот на кој што се достапни материјалите што се подготвени за собранието коешто е свикано

опис на постапката според која претставниците на државниот капитал учествуваат и гласат на седниците на Собранието.

Член 43

Материјалите за одлучување на собранието мора да бидат достапни до претставниците на државниот капитал во собранието на акционери на банката од денот на испраќањето на поканата за собрание на акционери.
Ако во дневниот ред за свикување на седница на собранието на банакта е ставена предлог Одлука за измени и дополнувања на одредбите на овој статут, со предлог Одлуката за измена и дополнување на статутот се доставува и образложение на предлогот за измена и дополнување на статутот на банката.
Доставувањето на материјалите, известувањата и другите информациии до единствениот акционер на банката се сметаат дека се извршени ако се доставени по пат на препорачана пратка или електронска пошта до членовите на Надзорниот одбор на банката како претставници на државниот капитал во собранието на акционери на банката.

Член 44

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред. Собранието може да расправа, без право на одлучување и за прашања кои не се уредно ставени на дневен ред. Секој претставник на државниот капитал во Собранието на акционери на банката има право да поднесува иницијатива за вклучување на точки во дневниот ред на собранието кое ќе биде свикано.
Барањето за вклучување на точки во дневниот ред и/или предлагањето на одлуки за усвојување на Собранието кое што е свикано, се испраќа до свикувачот на Собранието, во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата за учество на Собранието.
Ако барањето од претходниот став не биде уважено, односно новите точки или предлог одлуки не бидат ставени на дневен ред, конечна одлука по барањето донесува Собранието на банката при усвојување на дневниот ред.

Член 45

Вкупниот број на гласови во Собранието на банката, поделен е сразмерно помеѓу претставниците на државниот капитал во Собранието на банката.
Право на гласање и давање предлози за расправа за одделни прашања, имаат претставниците на државниот капитал во Собранието на банката кои го пријавиле своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.
Пред почетокот на одржување на седницата на Собранието на банката , списокот на присутни акционери (односно претставници на државниот капитал во Собранието на банката) го потпишуваат секој присутен претставник на државниот капитал во Собранието на банката со што го верификува своето присуство на седницата на Собранието.

Член 46

Со седниците на Собранието претседава претседавач.
За претседавач може да биде избран претставник на државниот капитал во Собранието на акционери. Претседавачот го избираат присутните претставници на државниот капитал во Собранието на акционери со мнозинство на гласови од присутните. Мандатот на претседавачот со собранието трае до изборот на председавачот на наредното собрание коешто треба да биде одржано.
Претседавачот со собранито го определува редоследот на работа и го одржува редот на седницата на собранието, а може да утврди и правила на водење на собранието.
Претседавачот на Собранието го заверува потпишаниот список на присутни акционери (претставници на државниот капитал во Собранието на банката) ги потпишува донесените одлуки , записникот и другите акти на Собранието од одржаната седница и се грижи за правилно спроведување на Деловникот за работа на Собранието на банката.
Претседавачот на Собранието се избира за секое одделно собрание.

Член 47

Собранието на банката има кворум под услов на седницата да е верификувано присуството на најмалку тројца претставници на државниот капитал во Собранието на банката.
Се смета за присутен, односно го сочинува кворумот за работа и одлучување на собранието и претставникот на државниот капитал во Собранието на банката со кој е воспоставена телефонска врска или друго соодветно електронско средство, коешто е дел од јавната комуникациска мрежа и преку кој што може на сигурен начин да се утврди идентитетот на претставникот на државниот капитал во Собранието на банката, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникацискатa врска меѓу банката и претставникот на државниот капитал и тоа така што гласањето ќе биде достапно на секој претставник на државниот капитал и ќе може со сигурност да се евидентира извршеното гласање.
Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство на гласови од присутните претставници на државниот капитал во собранието на акционери, освен ако со Законот

за трговски друштва и со статутот не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на собранието.

Член 48

Ако на собранието не се обезбеди кворум, за време што не е подолго од 15 дена, се свикува ново собрание, кое може да одлучува по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување без оглед на бројот на присутните претставници на државниот капитал во Собранието на банката, освен за прашањата за кои со закон, или овој статут е определено одлучување со квалификувано мнозинство.

Член 49

Начинот на гласањето го определува претседавачот на Собранието, доколку Собранието не определи посебен начин на гласање.
Одлуките на Собранието се донесуваат со јавно гласање, доколку за определени точки од дневниот ред не се донесе Одлука за тајно гласање.

Член 50

За работа на Собранието се води записник.
За записничар и заверувач на записник не може да биде избран член на Управниот или Надзорниот одбор ниту претседавачот на Собранието.
Записникот се подготвува најдоцна во рок од 8 дена од денот на одржување на собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачи на записникот.
Кога на седница на собранието се одлучува за прашања по кој одредени податоци се запишуваат во Трговскиот регистар, записникот го води нотар кој е должен записникот да го подготви во рок од 3 (три) дена од денот на одржувањето на Собранието, и него го потпишуваат нотарот и претседавачот на Собранието.

Член 51

Со деловникот за работа на Собранието на банката, поблиску се регулира начинот на работењето и гласањето во Собранието ,како и други прашања од значење за работа на Собранието.

НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 52

Надзорниот одбор на банката го сочинуваат пет члена.
Владата на Република Северна Македонија ги именува членовите на Надзорниот одбор и тоа тројца на предлог на министерот за финансии, еден на предлог на потпреседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и еден на предлог на министерот за економија.
Владата на Република Северна Македонија ги именува членовите на Надзорниот одбор по предходно добиена согласност од гувернерот на Народна банка на Северна Македонија. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири години сметано од датумот на прием на решението со кое гувернерот на НБРСМ дава согласност за нивно именување.
Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат претседател.

„Член 52 а

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор на банката престанува:
1) со истекот на мандатот;
2) во случај на смрт;
3) во случај на оставка и
4) во случај на разрешување и
5) во други случаи утврдени со закон.
По истекот на мандатот, членовите на Надзорниот одбор на банката имаат право на реизбор.
Член Надзорниот одбор може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на друштвото не наложуваат нешто друго.
По поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на друштвото го наложуваат тоа, Надзорниот одбор може да го обврзе членот кој дал оставка да продолжи да ја врши функцијата се до изборот на нов член на Надзорниот одбор, но не подолго од 60 дена. Се смета дека на членот на Надзорниот одбор му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, во писмена форма, освен ако во известувањето не е наведен некој друг датум.
Член на Надзорниот одбор може да биде разрешен:
- ако е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над 6 месеци, сé додека траат правните последици од пресудата;
- ако му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- ако ја изгуби деловната способност;
- во случај на нечесно, несовесно, неодговорно, нестручно и ненавремено извршување на функцијата и надлежностите што му се дадени како член на Надзорниот одбор. “

Член 53

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување.
Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на банката како и навремено и точно финансиско известување на Народна банката.
Членовите на Надзорниот одбор треба да имаат соодветни знаења и искуство за извршување на своите надлежности, да избегнуваат судир на интерес и да посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со Законот за банките.
Членовите на Надзорниот одбор треба заедно да имаат знаења и искуство потребни за независен надзор на работењето на банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши банката и на материјалните ризици на кои е изложена
Член на Надзорен одбор на банка може во исто време да биде и:
- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на Одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или
- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на Одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции

Ограничувањето за членовите на надзорниот одбор од став 5 на овој член не се однесува на членство во органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок.
Надзорниот одбор ги врши и следниве работи:
1) Ја усвојува деловната политика и развојниот план на банката и го следи нејзиното спроведување.
2) Именува и разрешува членови на Управниот одбор на банката
3) Именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици
4) Именува и разрешува членови на Одборот за ревизија

5) Именува и разрешува членови на Кредитниот одбор на банката
6) Го усвојува финансискиот план на банката
7) Организира Служба за внатрешна ревизија
8) Го одобрува годишниот план на Службата за внатрешна ревизија
9) Ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем и ја следи нејзината примена.
10) Ги усвојува политиките за управување со ризици на банката и ја следи нивната примена.
11) Усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување и ја следи нејзината примена,
12) Усвојува политика за наградување, во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на банката и ја следи нејзината примена.
13) Донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор
14) Ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор на банката
15) Ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици
16) Ги разгледува извештаите на Одборот за ревизија
17) Ги разгледува извештаите на Службата за внатрешна ревизија
18) Ги разгледува извештаите на лицето/Службата за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите
19) Ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на банката
20) Одобрува изложеност кон лице од над 20% од сопствените средства на банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Северна Македонија
21) Одобрува трансакции со поврзани лица со банката во износ од над 6.000.000 денари
22) Го одобрува стекнувањето на капитални делови и купувањето на хартии од вредност, поголеми од 5% од сопствените средства на банката, освен купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Северна Македонија
23) Одлучува за купување и отуѓување на недвижности поголеми од 5 % од сопствените средства на банката
24) Го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија, или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија
25) Ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија и ја следи нејзината примена,
26) Ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народната банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на банката
27) Го одобрува годишниот извештај за работењето на банката и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на банката
28) Го разгледува извештајот на Друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери
29) Го усвојува кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на банката и ја следи неговата примена.
30) Го усвојува етичкиот кодекс на банката и ја следи неговата примена.
31) Го утврдува прифатливото ниво на ризик,
32) Го воспоставува и следи спроведувањето на системот за управување со ризици
33) Ја воспоставува и следи спроведувањето на внатрешната ревизија и го следи работењето на Одборот за ревизија,
34) Го следи финансиското работење на банката и начинот на кој се извршува финансиското известување.
35) Го следи системот на наградување во банката и врши оценка дали е тој во согласност со политиката за наградување, културата на ризик и капацитетот за преземање на ризик на банката
36) Го следи спроведувањето на интерните акти на банката за заштитено пријавување

37) Дава согласност за склучување на договори за реосигурување,
38) Ги утврдува општите услови за кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици
39) Дава согласност за склучување на договори со Република Северна Македонија
40) Одлучува за членство на банката во организации и институции во земјата и странаство
41) Дава согласност за службени патувања надвор од државата, доколку патуваат повеќе од тројца вработени
42) Го усвојува извештајот за попис на средства и на изворите на средствата;
43) Одлучува за отпис на побарувања
44) Ги разгледува извештаите за реструктуирани побарувања и за побарувања за кои е извршено продолжување на рокот на достасување
45) Го следи извршувањето на одлуките, заклучоците и насоките донесени од Собранието на банката
46) Одлучува во втор степен по жалба на незадоволни работници против одлука на Управниот одбор на банката или по приговор за преиспитување на Одлуката
47) Ги одобрува лимитите на изложеност на поодделни видови на ризици
48) Одобрува воведување на нов производ, активности или систем кои имаат значително влијание врз прифатливото ниво на ризик и профилот на ризичност на банката,
49) Ја одобрува политиката за објавување на извештаи и податоци од страна на банката
50) Ги разгледува извештаите за самооценување и оцена на членовите на Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор согласно политиката за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.
51) Го одобрува воспоставувањето и организацијата на системот на внатрешна контрола
52) Врши и други работи во согласност со законските и подзаконските прописи, овој Статут и општите акти на банката.

Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на банката
Надзорниот одбор формира одбори, комисии и други тела за одлучување во делот на активностите кои банката ги врши во име и за сметка на Република Северна Македонија.

Член 54

„Надзорниот одбор на банката го следи спроведувањето на интерните акти и процесите за слободно заштитено пријавување од страна на вработените во банката, согласно со закон. Интерните акти и процеси треба да ги опфатат сите видови пријавувања, особено пријавувањето до Народната банка, да ја дефинираат целата постапка на заштитено пријавување којашто не е дел од редовниот систем на известување во банката, односно се извршува преку точно определена функција во банката, што, меѓу другото, може да вклучи определување на:

- лицето/органот до кое/кој се пријавува;
- начинот на утврдување на основаноста на заштитените пријавувања;
- начинот на отстранување на основот за заштитеното пријавување, доколку се утврди дека пријавувањето било основано;
- начинот на заштита на укажувачите во банката од какви било казни или закани врз нив или нивното работно место.“

Член 55

Надзорниот одбор работи и одлучува на седници кој ги одржува по потреба, а најмалку еднаш квартално.
Седниците на надзорниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на Надзорниот одбор.

Претседателот на Надзорниот одбор е одговорен за водење на евиденција за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и на одлучување на Надзорниот одбор.
Седниците на Надзорниот одбор се закажуваат по писмен пат со доставување на предлог - дневен ред и материјали најдоцна три дена пред одржување на седницата.
Надзорниот одбор може да работи и одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови.
Надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство на гласови од кворумот од став 5 на овој член, ако со Законот за трговски друштва и со овој статут не е е определено поголемо мнозинство.
Гласот на претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство избраниот претседавач согласно став 2 од овој член е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.
Доколку поединечен член на надзорниот одбор смета дека донесените одлуки од страна на Надзорниот одбор се во спротивност со долгорочните цели, деловната политика и прописите или е во спротивност со надлежностите на овој орган, предвидени со Законот за банките и интерните акти на банката, е должен своето мислење да го искаже во писмена форма со соодветно објаснување, коешто е содржано во записникот од седницата на надзорниот одбор.
Член на Надзорен одбор не смее да присуствува во разгледување и одлучување на точки во кои има судир на интерес согласно член 100 од Законот за банки.
Одлуките на Надзорниот одбор донесени на седница со одржување на состанок влегуваат во сила со денот на нивното донесување.

Член 56

Членовите на надзорниот одбор, учествуваат и одлучуваат на состанок организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио - визуелна комуникациска опрема со тоа што сите лице кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат, гледаат и да разговараат еден со друг.
Учеството на ваквите состаноци се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.
Учеството на состанокот се запишува во записникот на Надзорниот одбор кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот организиран на начинот од став 1 на овој член.

Член 57

Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на Надзорниот одбор дадат согласност за одлуката која што се донесува без одржување на состанок.
За сите одлуки донесени на начин од став 1 на овој член претседателот на Надзорниот одбор или физичко лице кое тој ќе го овласти подготвува записник во кој ќе се евидентираат одлуките. Записникот го потпишува претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство член на Надзорниот одбор, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето на согласноста за одлуката која што донеле без одржување на состанок.
Одлуките донесени на начинот од став 1 на овој член влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од став 1 на овој член од страна на сите членови на Надзорниот одбор, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на стапување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или електронски пат на предлогот на одлуката.

Член 58

За работа на секој состанок на Надзорниот одбор се води записник беа оглед на тоа како е одржан.
Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот освен ако со овој закон поинаку не е определено.

Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел Надзорниот одбор (на состанок или на друг начин), времето и местото на одржување на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, прашања кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале " за " и "против" одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може по барање на членот кој гласал " за " и " против" да се внесе и причината зошто така гласал.
Записникот го потпишуваат сите членови на Надзорниот одбор кој присуствувале на седницата и претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство членот на Надзорниот одбор кој претседавал со состанокот.

Член 59

Со деловник за работа, Надзорниот одбор поблиску го регулира начинот на работа на Надзорниот одбор.

Член 60

На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надоместок кој го определува Собранието во вид на месечен паушал. Членовите на Надзорниот одбор имаат право и на надоместок на сите други трошоци (патни и други трошоци) право на осигурување на живот и на друг вид на осигурување како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција.

ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Член 61

Одборот за управување со ризици се состои од пет лица.
Членови на Одборот за управување со ризици се избираат од редот на лицата со посебни права и одговорности од организационите единици: средства и ликвидност, кредитно осигурување, кредитирање, информатичка технологија правна служба. Главниот оперативен директор како член на Управниот одбор по функција е член и претседател на Одборот за управување со ризици. Членовите на Одборот за управување со ризици покрај условите за именување на лица со посебни права и одговорности, задожително треба да имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку три години, да имаат познавање за работењето на банката, нејзините производи и услуги и да имаат познавање за ризиците на кои е изложена банката.
Мандатот на членовите на Одборот за управување со ризици е 6 (шест) години со можност за реизбор.

Член 62

Одборот за упраување со ризици се состанува најмалку еднаш неделно.
Седниците на Одборот за управување со ризици ги свикува претседателот на Одборот, а во негово отуство член на Одборот кој писмено ќе го одреди претседателот, при што истовремено се определува дневен ред, времето и местото на одржување на седницата.
Материјалите за одлучување на седниците на Одборот за управување со ризици ги подготвуваат стручните работници на банката во соодветните организациони единици.
Претседателот на Одборот за управување со ризици ја отвора седницата, утврдува кворум за работа раководи со седницата и се грижи за одржување на редот.

Член 63

Одборот за управување со ризици полноважно расправа и одлучува ако на седницата се присутни мнозинство од вкупниот број на членови.
Членовите на Одборот за управување со ризици може да учествуваат и одлучуваат на седницата организирана со конференциска, телефонска врска или со користење на аудио или визулена комуникациска опрема.

Одборот за управување со ризици донесува одлука со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Одборот.
Одборот за управување со ризици може да одлучува и без одржување на состанок, ако сите членови на Одборот дадат писмена согласност на актот кој се донесува со своерачен потпис, со потпис испратен по факс или по електронски пат
За сите одлуки донесени без одржување на состанок претседателот на Одборот или физичко лице кое тој ќе го овласти подготвува записник во кој ќе се евидентирааат одлуките. Записникот го потпишува претседателот на Одборот, а во негово отсуство овластениот член на Одборот, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето на согласноста за одлуката која што ја донеле без одржување на состанок.
Одлуките донесени без одржување на состанок влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од страна на сите членови на одборот, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на стапување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или електронски пат на предлогот на одлуката.

Член 64

За работата на Одборот за управување со ризици на седници се води записник кој се потпишува од страна на сите членови на Одборот кој присуствувале на состанокот. Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одружвањето на состанокот.

Член 65

Одборот за управување со ризици ги врши следните работи:

1. Перманентно го следи и оценува степенот на ризичност на банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимизирање на загубите од изложеност на банката на ризик;
2. Воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена;
3. Ги следи прописите на Народна банка кои се однесуваат на управување со ризици и усогласеноста на банката со овие прописи;
4. Врши оценка на системите на управување со ризиците во банката;
5. Утврдува краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделни видови ризици за кои е изложена банката;
6. Ги анализира извештаите за изложеност на банката на ризик изработени од службите во банката кои вршат оценка на ризиците и предлага стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
7. Ја следи ефикасноста на функционирањето на системите на внатрешна контрола во управувањето со ризици;
8. Ги анализира ефектите од управувањето со ризиците врз перформанските на банката;
9. Ги анализира ефектите од предложените стратегии за управување со ризици, како и предложените стратегии, мерки и иснтрументи за заштита од ризици;
10. Врши оценка на усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди банката со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и
11. развојниот план на банката;
11. Квартално го известува Надзорниот одбор за промените во ризичните позиции на банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите;
12. Одобрува изложеност кон лице од над 10% до 20% од сопствените средства на банката.

Одборот за управување со ризици најмалку еднаш годишно врши оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно, и истата ја доставува до Надзорниот одбор на банката.

Член 66

Со Деловник за работа, Одборот за управување со ризици ги уредува останатите прашања кои не се регулирани со овој Статут, а се во врска со закажувањето, одржувањето, одлучувањето, текот и постапката на седниците на Одборот.

ОДБОР ЗА РЕВИЗИЈА

Член 67

Одборот за ревизија се состои од пет члена.
Три члена на Одборот за ревизија се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, а два се независни члена.
Најмалку еден член на Одборот за ревизија треба да биде овластен ревизор.
Вработен во друштвото за ревизија кое банката го определила да врши проверка и оценка на годишните финансиски извештаи и трговски книги, не смее да биде член на Одборот за ревизија.
Членовите на Одборот за ревизија покрај условите од член 34 на овој статут треба да имаат познавање и за:

- работењето на банката, нејзините производи и услуги ,
- ризиците на кои е изложена банката,
- системите за внатрешна контрола и политиките за управување со ризици на банката,
- сметководство и ревизија

Членовите на Одоборот за ревизија од своите редови избираат претседател кој е одговорен за организацијата на работата на Одборот за ревизија.
Мандатот на членовите на Одборот за ревизија изнесува 6 (шест) години со можност за реизбор.

Член 68

Одборот за ревизија ги врши следните работи:

1. Ги разгледува финансиските извештаи на банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди;
2. Ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола;
3. Ја следи работата и ја оценува ефикасноста на Службата за внатрешна ревизија;
4. Го следи процесот на ревизија на банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија;
5. Ги донесува сметководстевените политики на банката
6. Ја следи усогласеноста на работењето на банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
7. Одржува состаноци со Управниот одбор, Службата за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдените неусогласености со прописите и слабостите во работењето на банката;
8. Ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
9. Предлага назначување на друштво за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија и
10. Најмалку еднаш во три месеца го известува Надзорниот одбор на банката за својата работа.

Член 69

Одборот за ревизија се состанува најмалку еднаш во три месеци, како и на барање на Надзорниот одбор.

Седниците на Одборот за ревизија ги свикува претседателот на Одборот со предлог дневен ред и време место и простор на одржување на седницата. Материјалите за одлучување на седницата на Одборот за ревизија ги подготвуваат стручните служби на банката .
Претседателот на Одборот за ревизија ја отвора седницата, утврдува кворум за работа, раководи со седницата и се грижи за одржување на редот на седницата.

Член 70

Одборот за ревизија полноважно работи и одлучува ако на состанокот се присутни мнозинството од вкупниот број на членови на Одборот.
Одлуките на одборот се донесуваат со мнозинство на гласови од присутните членови на Одборот.
Членовите на Одборот за ревизија може да учествуваат и полноважно да одлучуваат на состанокот организиран со користење на конференциска, телефонска врска или со користење на аудио или визуелна комуникациска опрема.

Член 71

Одборот за ревизија може да одлучува и без одржување на состанок, ако сите членови на одборот дадат писмена согласност на актот кој се донесува.
За сите одлуки донесени без одржување на состанок ,претседателот на Одборот или физичко лице кое тој ќе го овласти подготвува записник во кој ќе се евидентирааат одлуките. Записникот го потпишува претседателот на Одборот, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето на согласноста за одлуката која што ја донеле без одржување на состанок.
Одлуките донесени без одржување на состанок влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од страна на сите членови на Одборот, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на стапување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или електронски пат на предлогот на одлуката.

Член 72

За работа на Одборот за ревизија на седница се изготвува записник. Записникот го потпишуваат членовите на Одборот кој присуствувале на седницата. Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот.

Член 73

Одборот за ревизија најмалку еднаш годишно врши оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно.
Одборот за ревизија поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор на банката. Во годишниот извештај е содржана оценката од став 1 на овој член.

Член 74

Одборот за ревизија со Деловник за работа поблиску го уредува начинот на работа на Одборот. Деловникот за работа на Одборот за ревизија го одобрува Надзорниот одбор.

УПРАВЕН ОДБОР

Член 75

Управниот одбор се состои од два члена.
Со Одлуката за именување на членовите на Управниот одбор, се определува претседател на Управниот одбор кој носи назив главен извршен директор. Другиот член на Управниот одбор носи назив главен оперативен директор.

Членот на Управниот одбор освен соодветно високо образование, мора да има најмалку шест години успешно работно искуство од областа на финансиите или банкарството, или три години работно искуство како лице со посебни права и одговорности во банката, со активности соодветни на банката во која се именува.
Членовите на Управниот одбор треба заедно да поседуваат стручни знаења и искуство потребни за независно управување на банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши банката и на материјалните ризици на кои е изложена, во согласност со правилата за корпоративно управување.
Член на Управен одбор на банката може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор, односно неизвршен член на Одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.
Член на Управен одбор на банка не може да биде и лице кое е Управител, член на Управен одбор или извршен член на Одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво
Ограничувањата за членовите на Управниот одбор од став 5 и 6 на овој член не се однесува на членство во органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок.
Членовите на Управниот одбор се подеднакво одговорни за банката и за обврските кои ги презема банката.
Со одлука на Надзорниот одбор, се врши поделба на надлежностите меѓу членовите на Управниот одбор на банката по одделни сегменти на работењето на банката и тоа:

1. Претседателот на Управниот одбор е надлежен за деловната политика и планирање, финансиските извештаи и анализа, човечки ресурси, кредитирање, гаранции, кредитно осигурување, факторинг, општите и правни работи, финансиското и сметководствено работење, односи со јавност.
2. Главниот оперативен директор е надлежен за управување со ризици, информатичката технологија, контрола на усогласеност со прописите, спречување на перење пари и финансирање на тероризам, сигурност на информативниот систем, ликвидност, платен промет во земјата и странство.

Член 76

Главниот извршен директор и главниот оперативен директор ја преставуваат банката самостојно и колективно
Во однос на трети лица, во зависност од проблематиката и од барањата за застапување, банката е застапувана од:

- главниот извршен директор самостојно,
- главниот извршен директор и главниот оперативен директор.
- главниот оперативен директор самостојно.

Застапувањето и потпишувањето на актите подетално се уредува со посебен акт на Управниот одбор.

Член 77

Управниот одбор на банката е одговорен за:

- Обезбедување на услови за работење на банката во согласност со прописите;
- Управување и следење на на ризиците на кои е изложена банката во работењето;
- Постигнување и одржување на адекватно ниво на сопствени средства;
- Функционирање на системот на внатрешна контрола во сите области на работење на банката;
- Непречено работење на Службата за внатрешна ревизија на банката, односно осигурува дека Службата за внатрешна ревизија има пристап до документацијата и до вработените во банката со цел за непречено спроведување на нејзините активности;
- Непречено работење на лицето, односно Службата за контрола на усогласеност на работењето на банката со прописите,односно осигурување дека лицето односно службата има пристап до документацијата и до вработените во банката со цел непречено спроведување на овластувањата;

- Донесување и спроведување политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на лица со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор
- Водење на трговските и други книги и деловна документација на банката, изработка на финансиски и други извештаи во согласност со прописите за сметководство и сметководствени стандарди,
- Навремено и точно финансиско известување;
- Редовност и точност на извештаите што се доставуваат до Народна банка во согласност со законот и прописите донесени врз основа на закон;
- Спроведување на мерките изречени од страна на гувернерот кон банката

Управниот одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор за:
- Влошена ликвидност и солвентност на банката
- Постоење на основ за укинување на дозволата за основање и работење или за забрана за извршување на одредена финансиска активност согласно со закон;
- Намалување на сопствените средства под пропишаното ниво во согласност со овој закон;
- Наоди на супервизија и надзор на Народна банка;
- Наоди на Државниот завод за ревизија, Управата за јавни приходи и други контролни органи;“

Управниот одбор го информира Надзорниот одбор и за:
- Промени во управувањето со ризиците
- Надминување на лимитите на изложеност и неусогласеност на работењето со прописите
- Слабости во системот на внатрешна контрола и во начинот на функционирање на функциите на контрола
- Случаи кои може да предизвикаат непочитување или неусогласеност со законските или регулаторни барања.
- Случаи поврзани со заштитено пријавување од страна на укажувач во банката

За случаите од став 2 алинеа 1, 2 и 3, Надзорниот одбор е должен веднаш да ја извести Народна банка на Република Северна Македонија
За наодот од став 2 алинеа 5, Надзорниот одбор е должен веднаш да ја извести Народна банка на Република Северна Македонија доколку наодите имаат значително влијание врз финансиската состојба на банката.
Член на Управниот одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор ако тој или со него поврзани лица стекнат контрола во друго правно лице.

Член 78

Членовите на Управниот одбор ги именува Надзорниот одбор врз основа на претходна согласност од страна на гувернерот на Народната банка.
Членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од 6 години со право на продолжување.
Мандатот на членовите на Управниот одбор на банката престанува:
- по истекот на шест години од денот на неговото именување;
- во случај на смрт;
- во случај на негова оставка и во случај на разрешување.

Членот на Управниот одбор може да биде разрешен:
-
- ако е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над 6 месеци, сé додека траат правните последици од пресудата;
- ако му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- ако ја изгуби деловната способност;
- во случај ако нечесно, несовесно, неодговорно, нестручно и ненавремено ја извршува функцијата и надлежностите што му се дадени како член на Управниот одбор.

Член 79

Управниот одбор може одредени овластувања, освен оние што согласно Законот за банки се во негова исклучива надлежност, да ги пренесе на лица со посебни права и одговорности и други стручни работници на банката, со посебна одлука.
Управниот одбор може да формира повремени и постојани одбори, комисии и работни тела за прашања од негова надлежност.
Управниот одбор на банката може да овласти лице со посебни права и одговорности, или други работници за склучување на договори и потпишување на поединечни акти на банката.
Лицата овластени од претходниот став на овој член, дадените овластувања не можат да го пренесуваат на други работници, без согласност на Управниот одбор.
Управниот одбор на банката донесува решенија, упатства и други акти за начинот на потпишувањето, парафирањето на актите и овластувањата за потпишување на актите.

Член 80

Управниот одбор ги врши следните работи:

1) Управува со банката;
2) Ја застапува банката;
3) Ги извршува одлуките на собранието и на надзорниот одбор на банката, односно се грижи за нивно спроведување;
4) Покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на банката;
5) Ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности; во согласност со одредбите од овој статут.
6) Изготвува деловна политика и развоен план на банката;
7) Изготвува финансиски план на банката;
8) Изготвува политика за сигурност на информативниот систем на банката;
9) Изготвува годишен извештај за работењето на банката и го доставува до Надзорниот одбор;
10) Изготвува етички кодекс;
11) Ја утврдува внатрешната организација и систематизацијата на работи и работни задачи во банката и одлучува за засновање и на работниот однос, унапредување во службата, прераспоредување, стручно усовршување, одредување на плата и надоместоци на плата, наградување за особено ангажирање во работа, за изрекување на дисциплински мерки, за материјална одговорност на работниците и за престанок на работен однос;
12) Врши и други работи кои не се во надлежност на Надзорниот одбор на банката.

Член 81

Управниот одбор одржува состанок кога тоа го наложува извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.
Состанокот го свикува главниот извршен директор.
Управниот одбор ги донесува одлуките едногласно.

Член 82

Управниот одбор може да одлучува и без одржување на состанок, ако членовите на органот на управување дадат согласност за одлуката која што се донесува без одржување на состанок.
За сите одлуки донесени на начин од став 1 на овој член, главниот извршен директор или физичко лице кое тој ќе го овласти подготвува записник во кој ќе се евидентирааат одлуките. Записникот го потпишува главниот извршен директор, а во негово отсуство главниот оперативен директор, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето на согласноста за одлуката која што ја донеле без одржување на состанок.
Одлуките донесени на начинот од став 1 на овој член влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од став 1 на овој член од страна на членовите на Управниот

одбор, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на стапување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или електронски пат на предлогот на одлуката.

Член 83

За работа на секој состанок на Управниот одбор се води записник беа оглед на тоа како е одржан.
Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот, освен ако со овој закон не е поинаку определено.
Записникот треба да содржи податоци за начинот на кој што работел Управниот одбор (на состанок или на друг начин), времето и местото на одржување на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, прашања кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи го и името на членот на Управниот одбор кој гласал " за " и "против" одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може по барање на членот кој гласал " за " и " против" да се внесе и причината зошто така гласал.
Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира на записникот.
Членот на управниот одбор ќе се исклучи од гласањето по точката во која има судир на интереси согласно член 100 од Законот за банки.
Во случај на изјавен судир на интерес од страна на било кој член на Управниот одбор, другиот член на Управниот одбор одлучува за работите во надлежност на Управниот одбор, со тоа што така донесената одлука мора да се верифицира од страна на Надзорниот одбор на првата следна седница.
Записникот го потпишуваат членовите на Управниот одбор

Член 84

Управниот одбор за својата работа одговара пред Надзорниот одбор.
Управниот одбор го известува Надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш квартално.

Член 85

Надзорниот одбор на банката согласно законските прописи со членовите на Управниот одбор на банката, склучува менаџерски договори со кои се утврдуваат работите, обврските, правата, платата, висината на премијата за лично осигурување и надоместок во случај на раскинување на менаџерскиот договор, не по вина на членовите на Управниот одбор.

КРЕДИТЕН ОДБОР

Член 86

Кредитниот одбор е надлежен и одговорен за редовно спроведување на кредитните работи на банката.

Кредитниот одбор ги има следниве надлежности:

- одобрува кредитни изложености, билансни и/или вонбилансни, до 10 % од сопствените средства;
- врши други работи од кредитната политика утврдени согласно Законот за Развојна банка на Северна Македонија, Законот за банки и овој статут.
- ги утврдува посебните услови за кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици вклучително и лимитите за осигурување за купувачи.
- одобрува склучување на полиса/договор за осигурување;
- донесува деловник за работа.

Член 87

Кредитниот одбор се состои од три члена.
Главниот извршен директор и главниот оперативен директор се членови на Кредитниот одбор на банката. Третиот член на Кредитниот одбор го именува Надзорниот одбор на банката од раководните лица на организационите единици во банката и тоа од областа на кредитирање и гаранции, кредитно осигурување, средства и ликвидност, или правни работи.
Главниот извршен директор по функција е претседател на Кредитниот одбор.
Мандатот на третиот член на кредитниот одбор е 6 (шест) години.

Член 88

Состаноците на Кредитниот одбор се одржуваат по потреба.
Кредитниот одбор одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови. .
Членовите на Кредитниот одбор може да учествуваат и полноважно да одлучуваат на состанокот организиран со користење на конференциска, телефонска врска или со користење на аудио или визуелна комуникациска опрема.

Член 89

Кредитниот одбор може да одлучува и без одржување на состанок, ако сите членови на одборот дадат писмена согласност на актот кој се донесува.
За сите одлуки донесени без одржување на состанок, претседателот на одборот или физичко лице кое тој ќе го овласти подготвува записник во кој ќе се евидентирааат одлуките. Записникот го потпишува претседателот на одборот, а во негово отсуство овластениот член на одборот, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето на согласноста за одлуката која што ја донеле без одржување на состанок.
Одлуките донесени без одржување на состанок влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од страна на сите членови на одборот, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на стапување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

Член 90

За работа на Кредитниот одбор на седница се изготвува записник. Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржување на состанокот. Записникот го потпишуваат членовите на Одборот кој присуствувале на седницата.

Член 91

Кредитниот одбор поднесува квартални извештаи до Надзорниот одбор за одобрените кредити.

Член 92

Со деловник за работа, Кредитниот одбор поблиску го уредува начинот на работа на одборот.

СИСТЕМ НА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА И ФУНКЦИИ НА КОНТРОЛА

Член 93

Банката воспоставуваа систем на внатрешна контрола која што обезбедува:
- ефикасно работење на банката,
- работење на банката во согласност со прописите,
- соодветно идентификување, мерење и контрола/намалување на ризиците,

- оценка на ефикасноста и соодветноста на функциите на контрола и на целокупното корпоративно управување, вклучувајќи и оценка на квалитетот на системот на известување на Надзорниот и Управниот одбор и на ефикасноста на системот на внатрешна контрола,
- точност и навременост на информациите и податоците кои што се доставуваат до органите на банката, до заинтересираните лица и до поширокаta јавност,
- соодветни оперативни и сметководствени процедури.

Системот на внатрешна контрола е збир на правила и контроли воспоставени во банката, вклучувајќи ги и активностите на функциите на контрола.
Функции на контрола се: управувањето со ризиците, контролата на усогласеноста со прописите и внатрешната ревизија.
Лица надлежни за функциите на контрола се лицето надлежно за управување со ризиците, лицето надлежно за контрола на усогласеноста со прописите и лицето надлежно за внатрешната ревизија.
Надзорниот и Управниот одбор на банката обезбедуваат целосна независност на функциите на контрола преку:

- воспоставување соодветна организациска поставеност на функциите на контрола преку нивно меѓусебно одвојување и одвојување од активностите кои што се предмет на нивната контрола,
- именување лица надлежни за функциите на контрола кои што не се подредени на лицата надлежни за активностите, кои што се предмет на нивната контрола,
- обезбедување соодветни човечки и материјални ресурси за независно, објективно и ефикасно извршување на функциите на контрола,
- поставеност на функциите кој што ќе овозможи избегнување судир на интереси,
- обезбедување непречен пристап до сите вработени во банката и до сите информации кои што се потребни за ефикасно спроведување на соодветната функција на контрола,
- воспоставување начин на наградување на лицата вклучени во извршувањето на одделните функции на контрола кој што не е поврзан со успешноста на активностите кои што се предмет на нивна контрола,
- воспоставување механизам на непречена соработка меѓу лицата вклучени во извршувањето на одделните функции на контрола и останатите вработени во банката.

Лицата надлежни за функциите на контрола имаат неограничен пристап до членовите на Надзорниот одбор на банката и можат да ги известуваат за значајните слабости, недостатоци или ризици што ги идентификувале при вршењето на својата функција.

КОНТРОЛА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА БАНКАТА СО ПРОПИСИТЕ И СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Член 94

Управниот одбор на банката организира Служба за контрола на усогласеност на работењето на банката со прописите и спречување перење пари и финансирање на тероризам. Бројот на вработени, составот, организацијата, надлежностите и работните задачи на вработените во службата се определуваат во Правилникот за организација и систематизација на работите и работните задачи на банката.

Член 95

Службата е одговорна за идентификација и следење на ризиците кои произлегуваат од неусогласеноста на работењето на банката со прописите, вклучувајќи спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Под ризик од неусогласеност со прописите се смета особено, но не исклучиво, ризикот од изречени мерки од страна на Народната банка, од финансиски загуби и репутациски ризик како последица на пропусти во усогласување на работењето на банката со прописите.
Под ризик од перење пари и финансирање на тероризам се подразбира опасноста банката да биде злоупотребена за перење пари и финансирање на тероризам или дека одреден деловен однос, трансакција или производ ќе биде непосредно или посредно искористен за перење пари и финансирање на тероризам.
Ризик од неусогласеност е ризик од изложување на банката на правни или регулаторни санкции и ризик од настанување на финасиски загуби и загрозување на угледот на банката како последица од неусогласеност на работењето на банката со прописите.

Член 96

Опфатот на контролата на усогласеноста на работењето на банката со прописите се однесува најмалку на :

- следење на почитувањето на прописите кои што се однесуваат на работењето на банката,
- идентификување и следење на ризиците од неусогласеност на работењето на банката со прописите , вклучувајќи ги и поплаките од клиентите на банката,
- известување на Надзорниот одбор и на Управниот одбор за утврдените неусогласености во текот на работењето и за преземените активности за нивно надминување,
- советување на Надзорниот одбор и на Управниот одбор за прашања во врска со примена на прописите,
- навремено известување на членовите на Управниот одбор и на останатите вработени за измените и дополнувањата на прописите,
- оценка на потенцијалното влијание од промените во прописите врз работењето на банката и врз нејзиното опкружување.
- оценка на усогласеноста на новите производи, активности/услуги или системи во банката со прописите,
- обука на вработените за начинот на примена на соодветните прописи во нивното секојдневно работење,
- Давање насоки за правилна примена на прописите во форма на препораки, вклучително и препораки за измена на соодветните интерни акти како и давање одговори на вработените за прашања поврзани со спроведување на прописите,
- исполнување на други законски обврски (активности за спречување перење пари и финансирање на тероризам)
- соработка со други институции
- редовно известување на Надзорниот и Управниот одбор на банката согласно Законот за банките.

Член 97

Вработените во службата ги извршуваат единствено работите на контрола на усогласеност на работењето на банката согласно со прописите, и се самостојни во извршувањето на работите од нивна надлежност.
Вработените во банката се должни на вработените во службата да им овозможат увид во документацијата со која располагаат и да им ги дадат сите потребни информации.
Раководното лице на службата за својата работа поднесува месечен извештај до Управниот одбор и полугодишен извештај до Надзорниот одбор.

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО БАНКАТА

Член 98

Надзорниот одбор организира Служба за внатрешна ревизија во банката, како независен организационен дел во банката.. Лицата во Службата за внатрешна ревизија се вработени во банката и извршуваат работи само на службата. Најмалку едно лице во Службата за внатрешна ревизија е овластен ревизор и воедно раководител на Службата за внатрешна ревизија Организационата поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациони делови во банката како и одговорноста и условите за назначување на раководител на Службата за внатрешна ревизија ги утврдува Надзорниот одбор на банката. Раководителот на службата е лице со посебни права и одговорности во банката. Службата за внатрешна ревизија е самостојна во својата работа и врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на банката преку:

- оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола;
- оценка на спроведувањето на политиките за управување со ризиците;
- оценка на поставеноста на информативниот систем;
- оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи;
- проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите;
- следење на почитувањето на прописите, етичкиот кодекс, политиките и процедурите;
- оценка на системите за спречување на перење пари;
- оцена на услугите што банката ги добива од друштва за помошни услуги на банката;

Организационите делови во банката односно вработените во истите, се должни на Службата за внатрешна ревизија да и овозможат увид во документацијата со која располагаат и да и ги дадат сите потребни информации.
Службата за внатрешна ревизија е должна да ги спроведува своите активности во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија, етичкиот кодекс на банката и политиката и процедурите за работење на службата. За својата работа Службата за внатрешна ревизија одговора пред Надзорниот одбор и Одборот за ревизија.
Службата за внатрешна ревизија е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за ревизија на банката.
Службата за внатрешна ревизија е должна веднаш да ги извести Надзорниот одбор и Управниот одбор , доколку во текот на контролата утврди:

- непочитување на стандардите за управување со ризиците поради што постои можност за нарушување на ликвидноста или солвентноста на банката и
- дека Управниот одбор не ги почитува прописите, општите акти и интерните процедури на банката

Надзорниот одбор е должен да го достави годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија до Народна банка.

ОСТАНАТИ ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ

Член 99

Управниот одбор ги именува и разрешува останатите лица со посебни права и одговорности во банката и го следи нивното работење.
Останатите лица со посебни права и одговорности во банката поседуваат стручност и способност да управуваат со активности коишто се во нивна надлежност и ефикасно да го следат работењето на вработените кои што се директно одговорни пред нив.

Освен назначените лица за функциите на контрола во банката, Управниот одбор како останати лица со посебни права и одговорности во банката ги именува, директорите на секторите, раководител на служби и овластено лице за спречување перење пари и финансирање на тероризам.
На останатите лица со посебни овластувања и одговорности се применува член 366 од Законот за трговски друштва.
Надлежностите на назначените останати лица со посебни права и одговорности за спроведување и/или координирање на активностите и процесите поврзани со системот за управување со ризици и за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите, се утврдени со подзаконската регулатива на Народна банка

РАБОТНИЦИ НА БАНКАТА

Член 100

Работниците на банката ги остваруваат своите права и обврски согласно прописите, колективниот договор и општите акти на банката.

Член 101

Поединечните акти со кои поблиску се регулираат прашањата, обврските и одговорностите на работниците, ги донесува Управниот одбор на банката ако со законот, колективниот договор и овој статут не е поинаку определено.

ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ И НА ДРУГИ АКТИ НА БАНКАТА

Член 102

Статутот се менува со Одлука за измена и/или дополнување на статутот.
Одлуката за измена и/или дополнување на статутот на банката се усвојува со мнозинство на гласови од вкупниот број на претставници на државниот капитал во Собранието на банката.
Постапка за измена и/или дополнување на статутот на банката може да покрене Управниот и Надзорниот одбор на банакта.
Предлог одлуката за измена и/или дополнување на статутот ја утврдува Надзорниот одбор, а одлуката ја донесува Собранието на банката врз основа на претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија, освен во случај кога се работи за одлука за измена на статутот на банката со која се врши зголемување на почетниот капитал на банката.
Измените и дополнувањата на општите акти кои ги донесува Собранието на банката се вршат по иста постапка како за нивното донесување.

Член 103

Предлогот на општите акти, кои со овој статут е предвидено да ги донесува Надзорниот одбор на банката, или друг орган во банката, ги утврдува надлежен орган на банката.
Измените и дополнувањата на општите акти, кои ги донесува Надзорниот одбор на банката, се врши по иста постапка како за нивното донесување.

Член 104

Поединечните акти на банката мораат да бидат во согласност со статутот на банката.
Поединечните акти на банката ги донесуваат соодветните органи на банката.
Управниот одбор на банката ги донесува поединечните акти на банката врз основа на законското овластување,овластувањата од овој статут и од другите општи акти на банката (ист текст со следниот пасус)

БАНКАРСКА ТАЈНА

Член 105

Документите, податоците и информациите кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности за поединечни лица и трансакции со поединечни лица, како и за депозити на поединечни лица примени во банката со цел обезбедување на побарувањата, претставуваат банкарска тајна која банката е должна да ја заштити и чува.
Лицата со посебни права и одговорности, акционерот и вработените во банката кои имаат пристап до документите, податоците и информациите од став 1 на овој член, како и лицата кои при давање на услуги на банката имаат пристап до документите, податоците и информациите од став 1 на овој член, обврзани се да ги чуваат и можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица..
Лицата од претходниот став, обврзани за заштита и чување на банкарска тајна, се ослободени од оваа обврска во случаите утврдени во Законот за банки. Нивната обврска за заштита и чување на банкарската тајна продолжува и по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основот и статусот врз основа на кој е остварен пристап до податоците кои се сметаат за банкарска тајна, ни по престанокот на работниот однос.

СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 106

Лицата со посебни права и одговорности во банката се должни на секои шест месеци да дадат писмена изјава за постоење или непостоење судир на нивниот личен интерес со интересот на банката.
Лицата со посебни права и одговорности во банката не смеат да присуствуваат при разгледувањето и донесувањето на одлуки, да склучуваат договори или да вршат други деловни активности доколку нивната објективност е доведена во прашање заради постоење судир на нивниот личен интерес и интересот на банката .
За постоење на судир на интерес лицето со посебни права и одговорности во банката е должно да даде писмена изјава пред одржување на состанокот за разгледување и донесување на одлуку, склучување на договори или вршење на друга деловна активност.
Писмената изјава од став 1 и 3 на овој член лицето со посебни права и одговорности во банката ја доставува до надзорниот и до управниот одбор на банката и во неа се наведува основот од кој произлегува судирот меѓу личниот интерес и интересот на банката.
Информациите и податоците за постоење на судир на интерес кај лицата со посебни права и одговорности во банката, банката е должна да ги достави во Народна банка на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на нивното донесување, односно насатанување,.

ИНФОРМИРАЊЕ

Член 107

Банката најдоцна до 31 мај во тековната година, доставува до Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија годишен извештај за работењето во претходната година.
Банката објавува извештаи и податоци согласно законот и регулативата донесена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија.

СУПЕРВИЗИЈА И НАДЗОР

Член 108

Супервизија на работењето на банката, во рамките на своите надлежности врши Народна банка на Република Северна Македонија.

Надзор на работењето што банката го врши во име и за сметка на Република Северна Македонија, врши Министерството за финансии.

Член 109

На работењето на банката не се применуваат одредбите од Законот за банки кои се однесуваат на: висината на почетниот капитал и потребниот износ на сопствени средства за вршење на одредени активности , дозвола за основање и работење, согласност на акционер, ограничување на правата од акции, согласност за измена и/или дополнување на статутот на банката, при зголемување на почетниот капитал, повисока стапка на адекватност на капитал што може да ја пропише гувернерот и за администрација.
На работењето на банката не се применува Законот за супервизија на осигурувањето.

ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА НА БАНКАТА

Член 110

Над банката не може да се покренува и води стечајна и ликвидациона постапка
Банката може да престане со работа врз основа на закон.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 111

Со донесувањето на овој Статут, престанува да важи Статутот на банката донесен на 20.12.2004 година.
За сé што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од прописите кои ја регулираат определената материја.“

01.06.2026 година

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател

Андријана Матлиоска